


***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги***

***претставиме имињата, зборовите, изразите, називите, термините...***

***кои се во „Библискиот речник“: од зборот Ел – кој има значење на Бог***

***во древните семитски јазиц,и до христијанинот Ераст – кој како***

***помошник на апостол Павле со Тимотеј патувал во Македонија***

**Ел** - збор со значење на Бог во древните семитски јазици. Можела да се употреби и како сопствена и како заедничка именка. Како сопствена именка, Ел го означува Бог во многу божечкиот систем на Ханаанците. Во Библијата овој збор често пати се среќава како составен дел на личните имиња (пр. Елиав, Ели-Илија). Еврејскиот збор за Ел е Елохим и е највообичаениот збор во Библијата со кој се означува Бог. И зборот Ел често се среќава во Библијата, во однос на Бога, посебно во книгата на Јов и во поетските книги. Често пати се среќава на крајот од личните имиња, пр. Даниел, Габриел, Михаел, Самуел, Емануел, Езекиел итн, како и во географските називи, пр. Ветел (Божја куќа) итн.

**Ел Шадај** - име со кое Бог им се открил на патријарсите, во т.н. ,,свештенички" извор на Петокнижието. Се јавува во 1 Мој **17,1;** 28,3; 35,11; 43,14; 48,3; 2 Мој 6,3; Ез

10,5. Како и другите еврејски имиња за Бог во 1 Мојсеева, започнува со Ел,
*Бог,*
на што се додава придавка или именка. На пример Ел Олам, со значење на
*Вечен Бог,*
Ел Елион -
*Бог*
*највозвишен,*
Ел Елое Јизраел - Ел Бог на Израел. Етимологијата на зборот Шадај е неизвесна. Во 1 Мој 17,1 се преведува со
*Бог*
*Семоќен.*

**Елам** - област близу до Персискиот Залив, југоисточно од областа која подоцна е позната како Асирија. Елам го окупирал народот кој ја освоил Вавилонија, околу 2280 г.пр.И.Х, Еламитите биле дивјачки народ, ограбувачи, вешто ракувале со лак и стрела. Главен град им бил Суса. Таму бил исклесан Хамурабиевиот законик, кој бил запленет за време на нападот на Ур, а пронајден е во 1901 г. Сиријците пратиле некои од жителите на Самарија во Елам, а Еламитите ги пратиле во Израел, на нивното место. Евреите од ,,Елам", автономното кралство, ја слушале проповедта на апостолот Петар на денот на Педесетница (1 Мој 14,1; 4,9; Ис 11,11; 21, 2; Ер 25, 25;Дал2,9).

**Елдад** - *Бог возљуби,* израелски старешина, кој не отишол во Скинијата {Шаторот) кога бил повикан од Мојсеј, и наспроти тоа добил пророчки дар (4 Мој 1 1:26).

**Елеазар** - *Богпомогна,* лично име на тринаесет личности од СЗ. Еден од нив е третиот син на Арон, кој станал негов наследник на првосвештеничката положба (4 Мој 20,25), по убивањето на двата постари брата. Бил задолжен за левитите и за се’ што било поврзано со богослужењето во Скинијата (2 Мој 6,23; 3 Мој 10,4; 4Мој39 итн.).

**Елиав (Елијав)** - *Бог е Отец,* 1) често спомнувано име во СЗ, така се викал и постариот брат на царот Давид (1 Цар 16,6); 2) особено надарен човек од Бога, кој учествувал во изработката на украсите на Скинијата (2 Мој 31,6; 35,34,35).







**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**